РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3256/2
03-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-вата седница одржано на 01.09.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// од /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1784/1 од 14.04.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата ценејќи ја содржината на погоре наведената пријава, констатира дека нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1784 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1784/1 од 14.04.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од донесена судска одлука по граѓански спор, кој се водел пред Основен суд ///. Овој граѓански спор подносителот го водел против /// ///, по основ на должничко – доверителски односи. Од ДКСК побара да се преиспита неговиот случај. Во прилог на пријавата доставени се и докази.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК по службена должност изврши увид во посочените одлуки на Основен суд ///, Апелационен суд /// и Врховен суд на Република Северна Македонија, по што констатира дека во случајот се работи за граѓанскиот спор на подносителот, во кој било постапено од страна на сите надлежни судови и биле донесени одлуки од нивната судска надлежност. Оттаму, ДКСК утврди дека во предметниот случај постапил друг надлежен орган по заведен судски спор по кој постапката била завршена и биле донесени судски одлуки, по што оцени дека наводите на подносителот во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг и ДКСК нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д., член на ДКСК